РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Бр. 25 – 1098/3
26.02.2010 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/2005 и 110/2008), член 24 став (2) од Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006 и 63/2007) и член 4 од Уредбата за постапката за донесување на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, начинот на известување за стекнување на својство на телата за оцена на сообразност, начинот на известување за укинување на решението за овластување и формата и содржината на регистарот на телата за оцена сообразност („Службен весник на Република Македонија" бр.157/07) , постапувајки по барањето на Друштво за технички испитувања, сертификација и технички прегледи **ТЦИ ЕуроЦерт** ДОО Скопје бр. 03-49/1 од 02.02.2010 година , донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за овластување**

1. Правното лице Друштво за технички испитувања, сертификација и технички прегледи **ТЦИ ЕуроЦерт** ДОО Скопје, СЕ ОВЛАСТУВА за:

- оцена на сообразност на лифтови од следните постапки: поединечна верификација за лифтови (модул „G"), испитување на тип на лифтови (Модул „B") и завршна инспекција на лифтови, согласно Правилникот за пуштање на пазар на лифтови и сигурносни уреди за лифтови („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/07);
- оцена на сообразност на сите видови платформи, дигалки и средства за подигнување за: поединечна верификација и испитување на тип, согласно Правилникот за безбедност на машини („Службен весник на Република Македонија" бр.123/2009).

2. Ова решение влегува во сила со денот на негово донесување.

**Образложение**

Правното лице „Друштво за технички испитувања, сертификација и технички прегледи **ТЦИ ЕуроЦерт"** ДОО Скопје, до Министерството за економија поднесе барање бр. 03-49/1 од 02.02.2010 година, со архивски број 25-1098/1, за издавање на Решение за овластување за вршење на оцена на сообразност на лифтови за постапките: поединечна верификација за лифтови (модул „G"), испитуваe на тип (Модул „B") и завршна инспекција на лифтови, наведени во Правилникот за пуштање на пазар на лифтови и сигурносни уреди за лифтови и за вршење оцена на сообразност на сите видови платформи, дигалки и средства за подигнување за поединечна верификација и испитување на тип, наведени во Правилникот за безбедност на машини.

Со барањето се доставени и доказите за: упис во Централниот регистер со регистрирана дејност „техничко испитување и анализа", вработениот стручен кадар, техничка опременост, склучениот договор за осигурување од професионална одговорност, изјавата од управителот за доставување доказ за позитивен бонитет на правното лице во рок од 6 (шест) месеци сметано од датумот на издавањето на решението за овластување и Сертификатот за акредитација бр. ИТ - 024 од 29.01.2010 година, со прилог кон Сертификатот за акредитација за инспекциско тело бр.08-35 од 29.01.2010 година, издаден од Институт за акредитација на Република Македонија.

Министерството за економија, постапуваќи по поднесеното барање и член 4 од Уредбата за постапката за донесување на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, начинот на известување за стекнување на својство на телата за оцена на сообразност, начинот на известување за укинување на решението за овластување и формата и содржината на регистарот на телата за оцена на сообразност („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/07) утврди дека барањето за издавање на Решение за овластување е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 24 став 2 од Законот за безбедност на производите, се донесе решение како во диспозитивот.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: незадоволната странка од ова решение може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од обласа на економијата.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

МИНИСТЕР,
Фатмир Бесими

ДОСТАВЕНО ДО :
- подносител на барањето
- ДИТИ
- архива